Food and Agriculture Organization of the United Nations

Влада на Република Северна Македонија

GREEN CLIMATE FUND

# Упатство за изработка на проектни идеи за Зелениот климатски фонд (ЗКФ)

OCTOBER 2019

# Содржина

Речник на главните термини 5

Намена на Упатството 8

1. Основни нешта кои мора да ги знаете пред да почнете да изработувате проектна идеја за ЗКФ 9
   1.1 Основни информации за ЗКФ: За Зелениот климатски фонд 9
   1.2 Што поддржува ЗКФ? 10
   1.3 Колку и каков вид на средства се достапни? 12
   1.4 Кои се улогите на различните чинители? 14

2. Процес на поднесување 19

3. Проектен циклус на ЗКФ/изработка на предлог-проект 20
   3.1 Како да го изработите и поднесете предлог-проектот до ЗКФ 20
   3.2 Отворен повик за поднесување проектни идеи за ЗКФ 21
   3.3 Како да ја пополните Белешката за проектна идеја 23

4. Проверка на подобноста и стратешка приоритизација на Вашата проектна идеја 39
   4.1 Проценка на подобноста на проектните идеи 39
   4.2 Стратегиска приоретизација на проектни идеи 40
   4.3 Индикативни рокови за оценување на проектните идеи 42

# Вовед

Зелениот климатски фонд (ЗКФ) е нов глобален фонд посветен на климата кој е формиран од страна на 194 држави, страни во Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ). Целта на Фондот е да им помогне на државите во развој да одговорат на предизвиците од климатските промени преку инвестирање во долгорочен развој со ниски емисии и отпорност на климата. Во моментов вкупните средства доделени на ЗКФ изнесуваат 10,3 милијарди УСД, а мобилизацијата на дополнителни средства сѐ уште е во тек.

Република Северна Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ) во 1997 година, а Протоколот од Кјото во 2004 година. Државата го потпиша Парискиот договор во септември 2016 година и ги достави своите национални придонеси (INDCs) за намалување на емисиите на CO2 од согорување на фосилните горива за 30% (за 36% со повисока амбиција) до 2030 година, во споредба со сценариото без воведување на никакви промени. Државата го ратификуваше Парискиот договор во октомври, 2017 година.

Како држава со среден приход која е особено ранлива на климатските промени, Република Северна Македонија е подобна за финансирање од ЗКФ и за користење на програмите за поддршка од Фондот. Во овој контекст, со техничка поддршка од Организацијата на ОН за храна и земјоделство (ФАО), Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија одговорен за економски прашања, го спроведе проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд", финансиран во рамките на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка за ЗКФ.

Проектот се фокусира на зајакнување на институционалните капацитети на Националниот назначен орган (ННО) со цел ефективно да ги исполнува своите улоги и одговорности поврзани со ЗКФ, да ги креира потребните процеси за вклучување на сите засегнатите страни на национално ниво, како и да започне со подготовка на Работна програма за ЗКФ усогласена со националните приоритети за адаптација и ублажување на климатските промени, со Целите за одржлив развој на ОН и со критериумите за инвестирање на Зелениот Климатски Фонд.

Како резултат на проектот и во согласност со своите главни одговорности како ННО, Кабинетот на заменикот претседател на Владата одговорен за економски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија го објави првиот Отворен повик за поднесување проектни идеи (октомври, 2019 година) со фокус на предизвиците од климатските промени. *Со цел да се олесни постапката за изработување и поднесување на проектни идеи, ННО со техничка поддршка од ФАО го изработи ова Упатство за подносители, кое содржи*:

- Основни информации за ЗКФ и за постапката за изработување на предлог-проекти и нивно одобрување;
- Детално упатство за подносителите на проектни идеи, кои се прв чекор во изработката на предлог-проекти за ЗКФ (генерирање на проекти), кое содржи одговори на прашањата од каде да почнете и како да ги разработите своите идеи согласно националните цели за долгорочен развој со ниски емисии и отпорност на климата и стратешките области на ЗКФ.

# Речник на главните термини

**Акредитиран субјект (АС):** субјект кој е акредитиран од ЗКФ согласно Управувачкиот инструмент и релевантните одлуки на Одборот за искористување на ресурсите на Фондот во земјите во развој.

**Адаптација:** приспособување кај природните или човековите системи како реакција на реалните или очекуваните климатски стимулации или нивните влијанија, со што се намалуваат штетите или се искористуваат корисни можности.

**Климатски промени:** промени во климата кои се директно или индиректно предизвикани од човековата активност, со што се менува составот на атмосферата покрај природната варијабилност на климата забележана низ споредливи временски периоди.

**Концептна белешка:** документ во кој се претставува концепт за проект или програма, со основни информации за проектот или програмата со цел да се добијат повратни информации дали концептот е генерално усогласен со целите и политиките на Фондот.

**Еколошки и социјални гаранции (ESS):** механизам за идентификација, мерење и управување со еколошките и социјални ризици кои произлегуваат од спроведувањето на проектот/програмата. ЕСС на ЗКФ се засноваат на осумте стандарди за успешност на Меѓународната финансиска корпорација.

**Предлог-проект за финансирање:** целосно разработен предлог-проект доставен до ЗКФ за финансирање. Акредитираните субјекти можат да пристапат до ресурсите на ЗКФ за да спроведуваат проекти и програми за климатски промени преку доставување на предлог-проект за финансирање до Фондот.

**Зелен климатски фонд (ЗКФ):** на 16. Конференцијата на страните (COP 16) во Канкун во 2010 година, Владите, согласно член 11 од Конференцијата, го формираа Зелениот климатски фонд (ЗКФ) како оперативен субјект на финансискиот механизам на Конвенцијата. ЗКФ ќе поддржува проекти, програми и други подготвителни активности во Страните на Конвенцијата кои се земји во развој. Со Фондот управува Одборот на ЗКФ.

**Индикатор:** мерлива карактеристика или променлива која помага да се опише постоечка состојба и да се следат промените или трендовите, односно напредокот низ време.

**Ублажување:** во однос на климатските промени, означува човекова интервенција за намалување на изворите или за подобрување на апсорбентите на стакленички гасови. Примери за тоа се поефикасна употреба на фосилните горива во индустриските процеси или при

производство на електрична енергија, употреба на сончевата или ветерната енергија, подобрување на изолацијата на зградите или проширување на шумите и другите апсорбенти со цел да се отстранат поголеми количини на јаглероден диоксид од атмосферата.

**Национален назначен орган (ННО):** владина институција назначена за контакт и основна комуникација меѓу државата и Фондот. ННО има задача да обезбеди активностите што ги поддржува Фондот (како на пример предлог-проектите) да се усогласени со националните стратешки цели и приоритети и да помогне да се унапредат активностите за адаптација и ублажување согласно националните потреби. Преку обезбедување на писма „Без-приговор" за предложените проекти, ННО обезбедува тие да се усогласени со националните приоритети и потреби.

**Промена на парадигмата:** основна промена кон одржлив развој со ниски емисии и отпорност на климата, во согласност со договорените стратешки области на резултати на ЗКФ и во согласност со пристапот за активирање на целата држава (Eco Ltd, 2016). Промената на парадигмата кај еден проект значи степен до кој предложената активност може да предизвика влијание кое нема само да се сведе на еднократна инвестиција на тој проект/програма. Ова може да се нагласи со тоа што ќе се претставаат повеќе детали за четири поврзани фактори:

1. Потенцијал за зголемување и реплицирање: предлог-проектот треба да илустрира на кој начин очекуваните придонеси за развој со ниски емисии и/или отпорност на климата од предложениот проект или програма можат да се зголемат или реплицираат, и истиот треба да содржи опис за чекорите кои се потребни за да се постигне тоа.

2. Потенцијал за знаење и учење: треба да се истакне секоја можност за креирање или зајакнување на знаењето, процесите за колективно учење или зајакнување на институциите.

3. Придонесува за создавање на овозможувачка средина: треба да се нагласи одржливоста на исходите и на резултатите и по завршувањето на интервенцијата. Предлог-проектите треба да објаснуваат како предложените мерки ќе креираат услови кои ќе водат до ефективно и одржливо учество на чинителите од приватниот и јавниот сектор во развојот со ниски емисии и/или отпорност на климата и кој ќе продолжи и по завршувањето на таа програма.

4. Придонес за регулаторна рамка и политики: предлог-проектот треба да образложи на кој начин предложениот проект/програма ги подобрува националните/локалните регулаторни или правни рамки со цел систематски да насочуваат инвестиции во технологии и активности со ниски емисии, да промовираат развој на дополнителни политики за ниски емисии, и /или го подобруваат планирањето и развојот кои ја земаат предвид климата.

**Проект:** група активности со колективна цел(и), конкретни исходи и излезни резултати кои се тесно дефинирани во нивниот опсег, простор и време; и кои се мерливи, можат да се следат и да се проверуваат.

**Белешка за проектна идеја:** документ кој содржи основни информации за проектот или програмата и која е доставена до ННО како прв чекор за изработка на предлог-проект за ЗКФ.

**Програма:** група на меѓусебно поврзани поединечни под-проекти или фази, обединети со една заедничка визија, заеднички цели, кои придонесуваат за постигнување на стратешки цели, ќе доведат до одржливи климатски резултати и ќе влијаат значително, ефективно и во голема мера на некоја од стратешките области на ЗКФ.

**Ранливост:** степенот до кој некој систем е подложен на, или не може да се справи со негативните влијанија на климатските промени, меѓу кои и климатската варијабилност и екстремните појави.

# Намена на Упатството

Овој документ содржи практични насоки за подносителите кои сакаат да дознаат повеќе за ЗКФ и за финансиските средства кои се на располагање за поддршка на предлог-проекти со фокус на ниски емисии и отпорност на климата; како и за процесот на изработка на проекти со цел подобро разбирање на чекорите и критериумите кои се потребни за *разработка на проектни идеи и нивно доставување до ННО во Република Северна Македонија, по објавувањето на првиот Отворен повик за проектни идеи.*

Целта на Упатството е да им помогне на заинтересираните правни субјекти (потенцијални подносители) во Република Северна Македонија да го разберат контекстот во врска со КП во државата, националните стратешки политики, целите и приоритетните активности поврзани со отпорноста на климата и ниските емисии, согласно барањата на ЗКФ.

Квалитетот на проектната идеја и капацитетот на субјектите кои го овозможуваат подготвувањето на предлог-проектите се многу важни фактори за постигнување на идно партнерство со акредитираните субјекти и разработување на подетални концептни белешки што пак ќе доведе до изработка на висококвалитетни предлог-проекти кои ќе се достават до ЗКФ.

Свесни дека процесот за изработка на проектни идеи, со „кратки, но концизни и детални“ информации и податоци не е лесен, и земајќи предвид дека ова е прв Повик за доставување на предлог-проекти за ЗКФ, го изработивме ова Упатство со цел да им помогнеме на подносителите во текот на овој процес.

Упатството ќе одговори на следните прашања:

- Која е мисијата на ЗКФ и каква поддршка обезбедува?
- Кој може да добие средства од ЗКФ и како да се пристапи до овие ресурси?
- Колку и каков вид на средства се достапни?
- Кои се улогите на различните чинители при пристапување до средствата на ЗКФ?

- Што е акредитација и зошто акредитираните субјекти имаат толкува важна улога во изработката и спроведувањето на предлог-проектите?
- Што е проектен циклус на ЗКФ?
- Како да се подготви проектната идеја за ЗКФ: пристап чекор по чекор
- Од каде да почнете/како да поднесете апликација?

*Овој документ е документ за поддршка за прввиот Отворен повик за доставување на проектни идеи до ЗКФ и за сите промени во идните повици (на пр. промени во националните приоритетни сектори, во приоритетните активности за адаптација/ублажување итн.) ќе биде потребно да се изработи ново ажурирано Упатство.*

- **Електронската верзија на ова Упатство може да се најде на www.greendevelopment.mk**

# 1. Основни нешта кои мора да ги знаете пред да почнете да изработувате проектна идеја за ЗКФ

### 1.1 Основни информации за ЗКФ: За Зелениот климатски фонд

ЗКФ е финансиски механизам формиран во рамките на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ) и делува како оперативен субјект за спроведување на Парискиот договор од 2015 година.

ЗКФ е формиран да им помогне на земјите во развој да постигнат промена во парадигмата кон развој со ниски емисии и отпорност на климата. Ова се постигнува со финансирање на иновативни и трансформативни проекти и програми за ниски емисии (ублажување) и отпорност на климата (адаптација), кои ги изработуваат претставници од јавниот и приватниот сектор за да придонесат за спроведување на националните приоритети за климатските промени во земјите во развој.

*Промена во парадигмата значи одалечување од практиките кои не се соодветни за предизвиците кои ги носат климатските промени. Во однос на ублажувањето, ова значи одалечување од економија што се засноваат на фосилни горива, што значи поголеми долгорочни промени најмногу во енергетиката, во индустријата и транспортот.*

Пример: *Доколку проектот има за цел да ја зголеми ефикасноста на некоја термоелектрана на јаглен, тоа нема да биде промена во парадигмата, бидејќи нема да се промени основата за производство на енергија (фосилни горива, централизирани). Но, промена на парадигмата би*

*било доколку се промени целиот систем за производство и дистрибуција на енергија, кон систем што користи обновлива енергија, повеќе е децентрализиран и е контролиран локално. Промената на парадигмата може да опфаќа еден или повеќе економски сектори, или дури и цела локална или национална економија.*

За да се справиме со предизвиците од климатските промени потребно е да се реагира колективно, сите држави, влади, градови, заедници, бизниси и граѓани. Со тоа што располага со 10,3 милијарди УСД, ЗКФ е најголемиот фонд во светот кој има одвоено толку средства за борба против климатските промени. Тој треба да биде главниот финансиски инструмент за мобилизирање јавни и приватни средства согласно обврските кон УНФЦЦЦ и е главен инструмент со кој ќе се работи на задоволување на потребите за ублажување и адаптација на земјите во развој.

***На слика 1 се прикажани тематските области во кои државите може да пристапат до средствата во ЗКФ: адаптација, ублажување и истовремено двата сектори.***




ЗКФ е формиран согласно Договорот од Канкун на 16-тата Конференција на страните во 2010 година, со цел да им помогне на земјите во развој да се справат со климатските промени преку инвестирање во нискојаглероден развој и отпорност на климата.

## 1.2 Што поддржува ЗКФ?

ЗКФ финансира проекти и програми за ниски емисии (ублажување) и отпорност на климата (адаптација) кои ги развиваат јавниот и приватниот сектор со цел да придонесат за остварување на приоритетите на државата во поглед на климатските промени. Проектите кои опфаќаат повеќе сектори и кои имаат придружни придобивки и во однос на ублажувањето и адаптацијата се исто така прифатливи за финансирање од страна на ЗКФ. Подносителот на проектот ќе треба да покаже влијание врз климатските промени од предложениот проект или програма и тоа во однос на ублажување, адаптација или и двете и тоа преку:

- Генерирање на **директно влијание** преку намалување на емисиите на стакленички гасови и /или зголемување на отпорноста;
- Придонесување за **промена на парадигмата** кон развој со ниски емисии и отпорност на климата;
- Подржување на **одржлив развој**;
- Обезбедување средства за задоволување на **потребите на примателот**;

- Максимизирање на **сопственоста од државата**;
- Избирање проекти/програми кои се **ефикасни и ефективни**.

ЗКФ има дефинирано осум стратешки области на влијание (Слика 2) со цел да оствари поголеми придобивки за ублажување и адаптација во една земја. Кога се изработува проект за ЗКФ, подносителот на проектот треба да идентификува кои стратешки области на влијание ги засега нивниот предлог-проект или програма (имајте предвид дека еден проект или програма може да задираат и во повеќе вакви области).




Слика 2: Стратешки области на влијание на ЗКФ
(Извор: адаптирано од инфографиците на ЗКФ)

***Пример:*** Доколку напорите на проектот да инвестира во градови соодветно прилагодени на климата, предизвика влијанија поврзани со намалување на емисиите од транспортот, зградите, градовите, индустријата и уредите, тој може да поддржи и адаптација, особено преку зајакнување на отпорноста на урбаните жители и заедници и преку зголемување на отпорноста на урбаната инфраструктура. Во таков случај, вкупно четири области на влијание би биле релевантни и треба да се идентификуваат во процесот на аплицирање. Секако сето ова зависи од целите на проектот, од видот на предложените проектни активности, колку се тие поврзани, какво е потенцијалното влијание и колку предизвикуваат промената на парадигмата.

- **Прочитајте повеќе за ЗКФ: www.greenclimate.fund**

***Преглед на портфолиото на ЗКФ (состојба во октомври, 2019 година):***

Финансирани се 111 проекти (42% ублажување, 34% опфаќаат повеќе сектори и 24% проекти за адаптација)

310 милиони корисници (очекуван број на лица со зголемена отпорност

на климата)

Избегнати се 1,5 милијарди $tCO_2$

59% се проекти од јавниот сектор

41% се проекти од приватниот сектор

- **Прегледот на портфолиото на ЗКФ може да го погледнете овде: www.greenclimate.fund/what-we-do/portfolio-dashboard**
- **Прочитајте повеќе за проектите финансирани од ЗКФ: www.greenclimate.fund/what-we-do/projects-programmes**

Предлог-проектите спаѓаат во една од четирите категории на проекти на ЗКФ, согласно нивната големина:




***Големина на проекти во портфолиото на ЗКФ (состојба во октомври, 2019 година):***

41% (46) од 111 одобрени проекти се средни проекти

31% (34) се мали проекти

15% (17) се големи проекти

13% (14) се микро проекти

**1.3 Колку и каков вид на средства се достапни?**

Од март 2017 година до сега Фондот собра 10,3 милијарди УСД, ветени од 43 држави. Државите кои одвоиле најмногу средства се (хронолошки по редоследот на придонесот): САД, Јапонија, Велика Британија, Франција и Германија. Сепак, државите во развој како што се Чиле, Колумбија, Индонезија, Мексико, Монголија, Панама и Виетнам исто така имаат ветено средства.

Финансиски инструменти

За да се финансираат проекти и програми, ЗКФ користи четири финансиски инструменти: грантови, заеми, капитал и гаранции.

Грантовите можат да бидат повратни и неповратни. Заемите може да бидат обезбедени заеми и концесионални заеми. Важно е да се наведе дека може да се комбинираат два или повеќе инструменти и за конкретен проект Фондот може да користи повеќе од еден инструмент, или пак

инструментот или инструментите од Фондот може да се комбинираат со инструменти од други извори на финансирање.

| Финансиски инструмент | | Дефиниција |
|---|---|---|
| **Грант** | **Повратен** | Слични на заемите, повратните грантови се состојат од придонес кој се дава на институцијата примател со цел да се инвестира, со очекување на долгорочни враќања под услови наведени во договорот за финансирање. Инвеститорот го презема ризикот од целосно или делумно невраќање на инвестицијата; тој исто така може да одлучи и дали и кога ќе ја бара назад својата инвестиција. |
| | **Неповратен** | За разлика од повратните грантови, неповратните грантови се трансфери на готовина, стоки или услуги за кои не се бара враќање. Овој износ е директна помош за разлика од повратната помош.. |
| **Заем** | **Концесионален** | Трансферот на ресурси од една на друга страна со договор парите да се враќаат по поповолни услови од пазарните се нарекува концесионално или меко позајмување. Концесионалното позајмување вклучува и компонента на грант која може да се квантификува врз основа на тоа колку се поволни условите за позајмување („грантовиот елемент на заемот“). |
| | **Обезбеден** | Обезбеден банкарски заем е обврска за финансирање на долг кој вклучува и законско право врз средствата на заемопримателот покрај сите други обврски во врска со долгот. Заемот се смета за обезбеден и мора да се враќа прв од сите други обврски на заемопримателот, што значи во случај на банкрот ваквиот обезбеден заем е прв што треба да се врати пред сите други заинтересирани страни да добијат поврат на своите средства. |
| **Капитал** | | Подразбира инвестиција во проект или средство за да се намали долгот и да се постигне подобар поврат на капиталот. |

| Финансиски инструмент | Дефиниција |
|---|---|
| **Гаранција** | Обврска во која субјектот што гарантира ја презема обврската да ги исполни обврските на заемопримателот пред заемодавателот доколку заемопримателот не ги исполни своите обврски спрема заемодавателот, во замена за надоместок. Тој може да ја гарантираат целата инвестиција или само дел (делумна гаранција). |

REF. GCF (2013) „Рамка за бизнис модел: Рамка за управување со резултати“.[1]

Конкретен проект кој се финансира од ЗКФ може да користи комбинација од неколку финансиски инструменти.

***Пример:*** Инвестициите од Програмата „Фонд за зелени градови“ финансирана од ЗКФ (ноември, 2018) ќе се фокусираат на урбаната инфраструктура во шест сектори: нискојаглеродни згради отпорни на климата, вода и отпадни води, цврст отпад, урбан транспорт, општински системи за енергија (централно греење/ладење) и осветлување на улиците и тоа во 9 држави (меѓу кои и Република Северна Македонија - Град Скопје) со што се поттикнува зелен развој. ЗКФ ја поддржува оваа Програма со заем (73,9 милиони УСД) и грант (25 милиони УСД) додека другите средства се кофинансирани (ЕБОР - заем од 398 милиони УСД, локални придонеси од 68,2 милиони УСД, заеми обезбедени од други донатори 9,1 милион УСД и грантови кои ги обезбедува Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА) од околу 30 милиони УСД).

***Преглед на видовите финансиски инструменти во портфолиото на ЗКФ (во октомври, 2019):***

Вкупно се финансирани 111 проекти, со што се обезбедени:

*Грантови за 45% од проектите*

*Заеми за 42% од проектите*

*Капитал за 9% од сите финансирани проекти*

*Гаранции за 2% од проектите*

Покрај горенаведените финансиски инструменти, ЗКФ исто така обезбедува и дополнителни грантови за подготвување на предлог-проекти како и за програми за подготвеност и подготовка на земјите за соработка со Фондот.

1 „Рамка за бизнис модел: Рамка за управување со резултати“. Состанок на Одборот 8–10 октомври 2013, Париз, точка од Дневниот ред 4(б). https://www.greenclimate.fund/documents/20182/24937/GCF_B.05_03_-_%20Business_Model_Framework__Results_Management_Framework.pdf/d6e50312-fbbf-4cb4-b96b-a47e47cc6f4d

### 1.2 **Кои се улогите на различните чинители?**

Постојат три главни чинители за соработка со ЗКФ, кои имаат улога при составување на предлог-проектот за финансирање; и доколку истиот е одобрен, тие вршат надзор, управуваат со спроведувањето и учествуваат во завршувањето на проектот.




Извор: адаптирано од инфографиците на ЗКФ.

Национален назначен орган

ННО или Точка за контакт е институција и место за контакт со ЗКФ. ННО/Точката за контакт изработува работни програми и врши надзор врз изработката и спроведувањето на проектите. Листата на ННО и Точки за контакт е достапна на www.greenclimate.fund/partners/countries/nda-directory.

***ННО на Република Северна Македонија***

Кабинет на заменикот премиер одговорен за економски прашања

***Кочо Анѓушев***

Заменик премиер одговорен за економски прашања и координација на економските сектори

Телефон: +389 2 3114 258/ +389 2 3118 022 /Факс +389 2 3221 506

Адреса: Бул. Илинден бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

***Даниел Јосифовски***

Виш соработник за подобрување на консултативниот процес при создавање регулативи

Телефон: +389 2 3118 022 /Факс +389 2 3221 506

Адреса: Бул. Илинден бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Е-пошта: daniel.josifovski@gs.gov.mk

***Олимпија Христова Заевска***

Советник на Претседателот на Владата за меѓународна економија и развој
Телефон: +389 2 3118 022 /Факс +389 2 3221 506
Адреса: Бул. Илинден бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
е-пошта: olimpija.zaevska@vlada.gov.mk

- **Доколку сакате да знаете повеќе или имате прашања за активностите на ЗКФ, контактирајте го ННО или посетете ја интернет-страницата на ННО: www.greendevelopment.mk**

Акредитиран субјект (АС)

ЗКФ не ги спроведува проектите директно. Предлог-проектите за финансирање може да се достават до ЗКФ само од страна на акредитиран субјект. Штом некој проект/програма ќе се одобри, АС ќе гарантира за неговото спроведување преку соработка со неговите извршните субјекти. Улогата на АС е да врши надзор, увид, да управува, следи и каде е применливо, да ги спроведува проектите/програмите одобрени од ЗКФ. АС може да се јавни или приватни субјекти и се делат на:

- **Субјекти со директен пристап**, кои се поднационални, национални или регионални субјекти. СДП може да бидат министерства или владини агенции, национални развојни банки, национални климатски фондови, комерцијални банки, други финансиски институции итн.;

  и

- **Субјекти со меѓународен пристап,** кои може да се билатерални, мултилатерални или регионални субјекти. Тие може да се билатерални развојни агенции (на пр. Германската агенција за меѓународна соработка, ГИЗ), мултилатерални развојни банки (на пр. Светската банка, Европска Банка за обнова и развој), агенции на Обединетите нации (на пр. Организацијата на ОН за храна и земјоделство), регионални развојни банки (на пр. Африканската развојна банка), меѓународни организации (на пр. Светскиот фонд за дивиот свет) итн.

Терминот **„акредитиран“** значи дека овие субјекти поминале низ ригорозна постапка за акредитација од ЗКФ и ги докажале своите способности финансиски да управуваат со проекти и да ги штитат финансираните проекти од еколошки и социјални ризици. Тие добиваат акредитација врз основа на неколку критериуми: вид на субјект,

конкретна големина на проектот кој треба да се спроведува, еколошки и социјални ризици кои произлегуваат од спроведувањето на проектот и видот на активности кои тие можат да ги извршуваат.

***Акредитирани субјекти за ЗКФ (примери):***

***Светската метеоролошка организација*** *е меѓународен субјект кој може да управува со мали проекти (10-50 милион УСД), имаат фидуциарни стандарди за управување со проекти, главна административна и финансиска експертиза и капацитети и можат да управуваат со проекти од категорија Ц (со ниски еколошки и социјални ризици).*

Проектите/програмите од Категорија Ц се проекти кои вклучуваат активности со минимални или никакви еколошки и/или социјални ризици и/или влијанија. **Примери**: Активности како што се образование и обука, здравство и планирање на семејството, пошумување од мали размери, планови и студии, советодавни услуги.

***Организацијата на ОН за храна и земјоделство (ФАО)*** *е меѓународен субјект, може да управува со проекти со средна големина (50-250 милиони УСД), имаат фидуциарни стандарди и главни административни и финансиски активности и можат да управуваат со проекти од категорија Б (со средни еколошки и социјални ризици).*

Проектите/програмите од категорија Б се проекти кои вклучуваат активности со благи негативни ризици и/или влијанија кои најверојатно би биле поправливи. **Примери**: Активности како енергетска ефикасност на индустријата, адаптација на земјоделските култури или земјоделските практики, мали до средни електрани на обновливи извори итн.

***Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)*** *а акредитирана од ЗКФ, може да управува со висок ризик (категорија А) и со големи проекти со буџет над 250 милиони УСД, банката ги има имплементирано сите видови на финансиски инструменти.*

Проектите/програмите од категорија А се активности со потенцијално значителни негативни еколошки и/или социјални ризици и/или влијанија кои се разновидни, неповратни или дотогаш незабележани.

***Примери:*** Големи проекти од шумарство, земјоделство или обновлива енергија, кои влијаат врз многу чувствителни екосистеми, проекти со големи преселби, со сериозни професионални и цивилни здравствени ризици итн.

Значи многу е важно да се избере АС согласно неговата тематска компетенција и да се размисли за усогласеноста меѓу вашата проектна идеја и видот на критериуми за акредитација за кои е акредитиран АС од страна на ЗКФ, како што се големината на проектот, видот на финансиски инструменти и категоријата на ризик. Ако вашата институција / организација не е АС, но сака да работи со ЗКФ, може да стапите во партнерство со АС (наместо да барате акредитација), за да спроведете проект финансиран од ЗКФ. Партнерството со акредитиран субјект ќе треба да го склучите во фазата кога се разработува Концептната белешка.

- **Целосната листа на акредитираните субјекти е достапна на интернет-страницата на ЗКФ (https://www.greenclimate.fund/how-we-work/tools/entity-directory).**

Иако АС делуваат како менаџери на програма за Фондот, **Извршните субјекти (ИС)** ги извршуваат подобните активности поддржани од ЗКФ под надзор на АС. Одговорностите на ИС се дефинирани во предлог-проектот и тие се одговорни пред соодветниот АС. ИС може да бидат меѓународна мултилатерална институција но и мали НВОи, зависно од поставеноста на проектот и планираните активности.

АС исто така можат и самите да спроведуваат проекти. Во табелата подолу се резимирани главните функции на овие три чинители.

| Вид на субјект | Улога |
|---|---|
| **Национален назначен орган (ННО)** | • *Врши стратешки надзор над приоритетите на државата*<br>• *Обезбедува предлог-проектите за ЗКФ да се усогласени со приоритетите на државата*<br>• *Ја води Процедурата „Без-приговор“ и издава писма „Без-приговор“ за предлог-проектите/програмите за ЗКФ*<br>• *Ги свикува националните засегнати страни*<br>• *Обезбедува писма за номинација за акредитирање на национални АС*<br>• *Ги координира и одобрува Програмите за подготвеност*<br>• *Објавуваат повици за проектни идеи*<br>• *Дистрибуира информации и ја подига свесноста меѓу засегнатите страни*<br>• *Доставува предлог-проекти за кофинансирање до Владата*<br>• *Ја изработува/ажурира Работната програма за земјата и листата на проекти* |

| Вид на субјект | Улога |
|---|---|
| **Акредитиран субјект/ Спроведувачки субјект/ Посредници** | • Изработува и поднесува предлог-проекти/ програми за финансирање<br>• Го надзира управувањето и спроведувањето на проектите и програмите (и нивното извршување, каде е применливо)<br>• Врши мониторинг и известување<br>• Употребува и управува со спектар на финансиски инструменти (грантови, концесионални заеми, капитал и гаранции)<br>• Мобилизира капитал од приватниот сектор со цел да го измеша со капитал од ЗКФ и / или сопствени ресурси |
| **Извршен субјект (ИС)** | • *Изработува предлог-проекти/програми за финансирање преку АС*<br>• *Извршува (спроведува) предлог-проекти за финансирање*<br>• *Работи под надзор и севкупно управување од АС (не е потребна акредитација)* |

Согласно Упатството на ЗКФ за сопственост од државата и првичните насоки за номинирање на ННО и воспоставување на координативен механизам, Република Северна Македонија воспостави првични механизми за работа со Зелениот климатски фонд и активно работи со различни релевантни засегнати страни за да обезбеди подобар пристап до климатски финансии. Координативниот механизам за државата беше формиран со вклучување на други релевантни институции, со конкретна улога во процесот на аплицирање до ЗКФ и во процедурата „Без-приговор“.

***Дополнителни (покрај ННО) македонски тела кои се вклучени во процедурата „Без-приговор“ за ЗКФ се:***

***Стратешкот советодавен комитет на ННО (ННО-ССК) кој ги има следните улоги:***

- Придонесува за оценување на подобноста на проекти преку обезбедување на специфична експертиза за финансиски прашања и прашања поврзани со КП, како и за прашања поврзани со еднакви можности
- Го поддржува ННО при оценување на субјектите со директен пристап (СДП)
- Му помага на ННО да ги координира и ангажира засегнатите страни
- Непристрасно ги приоретизира проектите преку оценување на нивната усогласеност со националните приоритети
- Технички ги прегледува сите аспекти на предлог-проектите (доколку е потребно ја консултира Секторската работна група)

и врши мониторинг на финансиските и техничките аспекти при спроведувањето на проектот
- Проверува да не има преклопување со други активности/ проекти за КП и помага во координација на донаторите за КП

***Секторската работна група ги има следните задолженија:***
- На барање на ННО-ССК, придонесува во техничките дискусии и оцената на проекти преку обезбедување на релевантни информации (ад-хок)
- Го советува ННО-ССК за технички и оперативни прашања во конкретни сектори (транспорт, енергетика, управување со води, управување со отпадот, земјоделство, шумарство, природа и биолошката разновидност, управување со земјиштето, здравство, културно наследство, родови аспекти и перспективи на ранливите групи итн.)

***Национален совет за одржлив развој (НСОР + Техничка работна група на НСОР) ги има следните улоги:***
- Го потврдува процесот на приоретизација во рамките на Работната програма за земјата
- Му помага на ННО да ги координира засегнатите страни
- Му помага на ННО да ја подига свесноста за КП и ЦОР

***Влада на Република Северна Македонија***
- Ја одобрува финалната Работна програма за земјата
- Финално ги одобрува предлог-проектите за издавање на писмо Без-приговор
- Финално ги одобрува препорачаните директни акредитирани субјекти со цел издавање на писмо за номинација на ДАС

Сите овие тела го поддржуваат ННО при целиот процес на аплицирање, приоретизација и техничка проценка, како и во текот на последниот чекор од обезбедувањето писмо Без-приговор пред да се испрати целосниот предлог-проект до ЗКФ за финансирање.

# 2.Процес на поднесување

Поднесувањето на проектни идеи ќе се врши онлајн на утврдена интернет-страница.

Првиот чекор е регистрација. Подносителите мора да се регистрираат во системот преку употреба на образецот за регистрација. Корисниците мора да ги внесат потребните информации: име, презиме, адреса за е-пошта, телефонски број. По успешната регистрација, корисниците ќе добијат е-пошта со линк за потврдување.




Приказ при регистрација

Подносителот мора да ја отвори е-поштата и да кликне на врската за да ја потврди валидноста на адресата за е-пошта и да продолжи со процесот на регистрација. Кога ќе се заврши со овој процес, подносителот може да го пополни образецот за проект/програма и да ја достави својата идеја.




Примери на образецот за поднесување

Кога сите потребни полиња ќе се пополнат соодветно, подносителот треба да потврди дека ја поднесува проектната идеја со притискање

на копчето ПОДНЕСИ (SUBMIT). По поднесувањто, проектната идеја се испраќа до ННО и до подносителот и потоа започнува процесот на евалуација. Писмо за потврда му се испраќа на подносителот.

Кога ќе се заврши процесот на евалуација, без оглед на резултатот, подносителот ќе добие е-пошта со соодветен документ/писмо со кое се потврдува или одбива проектната идеја.

# 3.Проектен циклус на ЗКФ/ изработка на предлог-проект

### 3.1 Како да го изработите и поднесете предлог-проектот до ЗКФ

Пред да се спроведе финансирањето на проекти, мора да се завршат неколку фази од постапката. Предлог-проектите ги доставуваат АС заедно со писмо „Без-приговор“ издадено од ННО, и истите ги оценува секретаријатот на ЗКФ и независен Техничко советодавен панел пред финално да бидат одобрени од Одборот на ЗКФ.

Пред да се подготви целосен предлог-проект, ЗКФ препорачува АС да изработат Концептна белешка; тоа е доброволен дел од процесот, но е многу корисен бидејќи ќе овозможи АС да го види мислењето на секретаријатот на ЗКФ за тоа дали предлог-проектот е во согласност со целите, мандатот и инвестициските критериуми на Фондот.




Извор: ЗКФ, www.greenclimate.fund

***Ова Упатство за подносители се фокусира само на првиот чекор од подготовката на предлог-проектот - изработување и доставување на проектни идеи согласно условите од Отворениот повик за проектни идеи за ЗКФ во Република Северна Македонија.***

За детални информации за изработката на Концептна белешка и Целосен предлог-проект посетете ја официјалната страница на ЗКФ и разгледајте ги следното Упатство и Алатник:

- **Упатството 101 на ЗКФ за тоа како да пристапите до Фондот детално објаснува како идеите за климатско финансирање се доставуваат до Фондот: www.greenclimate.fund/gcf101/funding-projects/project-funding**

**Алатникот за предлог-проекти до Зелениот климатски фонд од 2017 година може да Ви помогне да изработите предлог-проект за ЗКФ: www.cdkn.org/wp-content/uploads/2017/06/GCF-project-development-manual.pdf**

### 3.2 Отворен повик за поднесување проектни идеи за ЗКФ

Владата на Република Северна Македонија, претставена од Кабинетот на заменикот претседател на Владата одговорен за економски прашања како ННО за ЗКФ, го објавува Отворениот повик за поднесување на проектни идеи (октомври, 2019 година) за предизвиците од климатските промени. Отворениот повик има за цел да идентификува проектни идеи со потенцијал за ублажување/адаптација кои ќе се разгледаат и доколку се соодветни ќе се достават до ЗКФ за финансирање.

***Совети за читање на Повикот и идентификување на приоритетни проектни идеи***

Внимателно прочитајте го Повикот и доколку имате прашања обратете се до одговорните во ННО на следната адреса за е-пошта Daniel.Josifovski@gs.gov.mk, или побарајте на www.greendevelopment.mk;

1. Проверете дали Вашата институција/организација е подобна за поднесување на проектна идеја! Повикот е отворен за сите правни субјекти - академски установи, национални/локални власти, јавни и приватни претпријатија, НВОи и други правни лица. Најдете соодветни партнери со кои ќе работите;

Запознајте се со правилата, мандатот на ЗКФ и како да пристапите до средствата на ЗКФ; и најважно прочитајте за 6-те критериуми за инвестирање и стратешките области на влијание/резултати на ЗКФ. Посетете ги релевантните интернет-страници наведени во ова Упатство, особено портфолиото со предлог-проекти на ЗКФ за да видите кои се поддржани проекти (https://www.greenclimate.fund/what-we-do/projects-programmes);

Прочитајте и запознајте се со националните стратегии, политики и институционалната рамка за климатска отпорност и ниски емисии (која е нашата стратегија за климатски промени, каков вид на стратешки документи се изработени и усвоени до сега, кои приоритетни сектори со релевантни цели за ублажување/адаптација се идентификувани и кој е видот на приоритетни активности за ублажување/адаптација). Вашата идеја мора да е во согласност со националните стратешки документи (Третиот национален план за климатски промени и Вториот двогодишен извештај за климатски промени) и мора да ги следи стратешките области на влијание на ЗКФ (www.greendevelopment.mk);

Прегледајте го образецот за проектна идеја и обидете се да видите однапред какви информации ќе треба да внесете. Секогаш имајте предвид

дека пополнетиот образец за проектната идеја мора да е најмногу 5 страници долг (не се потребни детали, пишувајте со кратки реченици, користете ги достапните податоци или споменете ја методологијата како планирате да ги обезбедите податоците за следните чекори – за Концептната белешка и/или предлог-проектот);
Белешката за проектна идеја треба правилно да е пополнета, ве молиме следете ги дадените инструкции. Не заборавајте да ги прикачите сите потребни документи;
Сериозно размислете за двата вида критериуми кои се споменати во Повикот и кои ќе се користат при проценката на подобноста на Вашата проектна идеја и при стратешката приоретизација. Критериумите за подобност и приоретизација ќе се применат на доставената Белешка за проектна идеја, така што обидете се во неа да одговорите на секој критериум. Исто така може да ги користите како Листа за проверка додека соодветно одговарате во секое од полињата за одговори од Белешката за проектна идеја;
Внимавајте на роковите за поднесување на Белешката за проектна идеја (15 декември, 2019 година – до 16 часот) и самите направете ги потребните подготовки за електронски да ја доставите навреме (претходно креирајте си профил на www.greendevelopment.mk и не чекајте да го доставите документот во последниот ден, или уште полошо, во последниот час).
Погледнете го линкот од ЗКФ за АС за втората фаза - изработка на Концептна белешка/предлог-проект и погледнете ги обрасците, препораките и успешните проекти на ЗКФ.

### 3.3 Како да ја пополните Белешката за проектна идеја

Ова Упатство ќе Ви помогне да разберете кој вид на информации и податоци е потребно да ги внесете Вие како подносител со цел да ја изработите Вашата проектна идеја.

Белешката за проектна идеја ги содржи следните делови:

I. Општи информации за проектот
II. Фокус на проектот врз климата и области на резултати
III. Опис на проектот
IV. Финансиски аспекти на проектот
V. Информации за подносителот
VI. Дополнителни документи.

*Општи информации за проектот*

| Општи информации за проектот | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | |
| **Проект или програма** | ☐ **Проект**<br>☐ **Програма** |
| **Времетраење на проектот** (месеци): | |
| **Географска локација на проектните активности** (Ве молиме во Прилогот прикачете и карта): | |
| **Субјект/и кои ќе го спроведуваат** (назив, вид на организација, адреса, лица за контакт)<br><br>Ве молиме во Прилог вклучете и листа на вработени кои ќе бидат посветени на спроведувањето на проектот (расчленети по пол и образование) за секој субјект одделно | Наслов:<br>Вид на организација:<br>Адреса:<br>Лице за контакт:<br>Телефон/адреса за е-пошта: |
| **Претходно искуство во спроведување слични проекти** (слични во однос на сложеноста, трошоците и времетраењето) | Ве молиме наведете најмалку два завршени слични проекти со информации за проектните трошоци, целта на проектите, главни корисници и главни резултати. Може да дадете и Референтна листа во Прилог во која ќе има порелевантни податоци за претходни слични искуства |
| **Статус на проектот:** | ☐ **Целосен предлог-проект**<br>☐ **Концептна белешка**<br>☐ **Белешка за проектна идеја** |

1. Вообичаено, името на проектот/програмата доаѓа на крајот при изготвувањето на проектната идеја, така што нагласете ги „главните зборови" кои ја одразуваат Вашата идеја за да создадете наслов на проектот/програмата;

***Примери:*** Развој и адаптација на системи за наводнување на земјоделски површини согласно климатските промени; Програма за финансирање на обновлива енергија во........; Проект за заштеда на вода во......; Финансиски инструменти за енергетски ефикасни градови, Зголемување на инвестициите во нискојаглеродни јавни објекти, Интегрирано управување со климатски ризици со цел обезбедување со храна и приходи во .....

2. Идентификувајте го типот на Вашата проектна идеја (ако е проект или програма)

***Проект или програма***

Проект е серија активности чија цел е остварување на јасно наведени цели во дефиниран временски период со дефиниран буџет (Европска Комисија, 2004).
Пример: Изградба на конкретен парк со ветерници или изградба на инфраструктура за наводнување во определена област.

Програма е група поврзани проекти со кои се управува на координиран начин со цел да се остварат придобивки и контрола која не се постигнува доколку со нив се управува поединечно (PMI, 2013).
Програмите може да вклучуваат различни видови елементи, на пример инвестиции, изработка на политики и градење капацитети.

Пример: Иницијативи кои имаат за цел да го зајакнат производството на обновлива енергија преку комбинирање на шеми со стимулации, правна рамка, инвестиции во мрежната инфраструктура и обука за техничари би било програмски пристап.

Имајќи ја предвид целта да се постигне промена на парадигмата кон нискојаглероден развој и отпорност на климата, програмските пристапи се смета дека имаат подобри изгледи да придонесат за ова, бидејќи координирано работат на повеќе пречки.

3. Дефинирајте колку долго предлагате да траат планираните активности. Временскиот период треба да е реалистичен и треба да одговара на видот на активности, познавањето на националните/регионалните околности (на пример колку време им е потребно на институциите да разгледаат некоја одлука или политика), волјата на засегнатите страни да учествуваат и сл. Подобро е да се избегнуваат краткорочни активности кои зависат од различни засегнати страни.

4. Треба да се образложи географската локација на активностите на проектот/програмата и во Прилог треба да се вклучи и мапа (макро и микро локации).

5. Треба да се подготви Листа на сите субјекти што ќе го

спроведуваат/извршуваат проектот/програмата со главна цел да се претстави тимот, видот на организација (на пр. приватна компанија, катедра од универзитет, општина или јавно комунално претпријатие итн.), адреса и лица за контакт со информации за контакт (телефон, е-пошта итн.). Во Прилог треба да прикачите и листа на сите лица кои се планирани да работат на проектот/програмата, расчленети по пол и ниво на образование. Листата треба да ги опфати сите субјекти кои ќе бидат вклучени.

6. Секој субјект што ќе го спроведува проектот/програмата треба да подготви листа со информации за веќе спроведени (или тековни) проекти со слична сложеност, трошоци и времетраење со предложената проектна идеја. На листата треба барем накратко да се содржат следните податоци/информации: наслов на проектот/програмата, времетраење на проектот, општа цел и главни конкретни цели, главни корисници и главни резултати, но исто така и трошоци за проектот/програмата. Сите овие информации можете да ги наведете во Референтната листа дадена во Прилог која ќе содржи релевантни податоци за претходни слични искуства. Во Белешката за проектна идеја можете да го наведете линкот до Анексот и да ја објасните содржината на Референтната листа

***Совет:*** Приложете само една референтна листа во која ќе го наведете претходното искуство на сите спроведувачки субјекти, бидејќи нивото на искуство и вештини на спроведувачките/извршните субјекти ќе се оценува врз основа на искуството и вештините на целиот конзорциум - сите партнери).

7. Штиклирајте го видот документ што сте го подготвиле и што го поднесувате. Првиот повик за проектни идеи е посветен на проектни идеи. Сепак, имајте предвид дека доколку некој субјект веќе има изработено Концептна белешка или предлог-проект, може да достави резиме на истиот со употреба на образецот за Белешка за проектна идеја (со означување на опцијата концептна белешка или целосен предлог-проект), со цел ННО да го разгледа предлог-проектот.

***Совет:*** Во оваа фаза, изработете само проектна идеја и поднесете ја пополнета Белешката за проектна идеја. Ќе ви треба помалку време и пари и ќе знаете дали вашата идеја е подобна и дали е потврдена во Работната програма на државата која содржи потенцијални проекти на ЗКФ.

ЗКФ смета дека процесот за подготовка на целосен предлог-проект трае меѓу 12 и 18 месеци. Истражувањето на АС од 2016 година утврдило дека до тогаш за изработка на предлог-проекти биле потребни во просек 6 месеци, со ангажман на 2,5 лица /годишно и околу 150.000 УСД (Eco, 2016b). Сепак, ова може да не е доволно за средни и големи проекти/програми: подготовката само на студија на изводливост може да одземе меѓу 6 и 12 месеци. Подготовката на самиот предлог-проект може да одземе дополнителни 4 до 6 месеци, со што вкупното време потребно за целиот тој предлог-проект е од 10 до 18 месеци. Времето и трошокот многу зависат од големината на предлог-проектот и од природата на активностите.

Доколку веќе имате изработено Концептна белешка или дури и предлог-проект со употреба на обрасците на ЗКФ и со следење на критериумите за инвестирање на ЗКФ, можете да ги доставите до ННО. Сепак, имајте предвид дека ННО сепак ќе треба да добие и резиме на истото во образецот за Белешка за проектна идеја (со одбележана опција за Концептна белешка или целосен предлог-проект) и Вашиот проект ќе треба да ги помине сите фази за обезбедување на квалитет како проектна идеја, без оглед во која фаза на развој се наоѓа.

***Фокус на проектот врз климата и области на резултати***

| **Фокус на проектот врз климата и области на резултати** | |
|---|---|
| **Област на фокус на проектот:** | ☐ **Ублажување**<br>☐ **Адаптација**<br>☐ **Опфаќа повеќе сектори** |

| | |
|---|---|
| **Стратешки области на резултати на Зелениот климатски фонд**<br><br>*(Кој од следните области на резултати кои се во фокусот на ЗКФ ги опфаќа предложениот проект?)*<br><br>*Ве молиме означете ги најрелевантните* | **Ублажување**<br><br>Со намалување на емисиите на стакленички гасови:<br><br>☐ **Пристап до енергија и генерирање електрична енергија**<br><br>*(На пр. пристап до мрежа, микро-мрежа, надвор од мрежа, каде електричната енергија се генерира од обновливи извори на енергија, односно сонце, ветер, геотермални води итн.)*<br><br>☐ **Транспорт со ниски емисии**<br><br>*(на пр. брза железница, брз автобуски систем)*<br><br>☐ **Згради, градови и индустрии и уреди**<br><br>*(На пр. нови и реновирани енергетски ефикасни згради, енергетски ефикасна опрема за компании и управување со синџирот за добавување)*<br><br>☐ **Шумарство и употребата на земјиштето**<br><br>*(На пр. заштита и управување со шумите, земјоделско наводнување, пречистување на води и управување со водите итн.)*<br><br>**Адаптација** на климатските промени<br><br>Со зголемување на отпорноста во следните сфери:<br><br>☐ **Најранливи луѓе и заедници**<br><br>*(На пр. ублажување на негативните ризици поврзани со климатските промени, развивање на системи за рано предупредување, развој на системи за осигурување итн.)*<br><br>☐ **Здравје и добросостојба и обезбеденост со храна и вода**<br><br>*(На пр. обезбедување чиста вода за пиење на населението, спроведување на технологии за заштеда на вода итн.)*<br><br>☐ **Инфраструктура и изградена средина**<br><br>*(На пр. инфраструктура за заштита од лизгање на земјиштето и лавини, системи за климатизација, отпорни патни мрежи итн.)*<br><br>☐ **Екосистеми и екосистемски услуги**<br><br>*(На пр. заштита и управување со екосистеми, екотуризам итн.)* |

1. Наведете дали предложениот проект/програма е со фокус врз ублажување, адаптација или пак мерките опфаќаат повеќе сектори (и ублажување и адаптација).

***Ублажување:*** во однос на климатските промени, означува човекова интервенција за намалување на изворите или за подобрување на апсорбентите на стакленички гасови. Примери за тоа се поефикасна употреба на фосилните горива во индустриските процеси или во процесот за производство на електрична енергија, употреба на сончева или ветерна енергија, подобрување на изолацијата на зградите и проширување на шумите и другите апсорбенти со цел да се отстранат поголеми количини на јаглероден диоксид од атмосферата.
Пример: Проектна идеја чија цел е да ги поттикне инвестициите во обновливи извори на енергија (активности кои водат до намалување на емисиите на стакленички гасови)

***Адаптација:*** приспособување кај природните или човековите системи како реакција на реалните или очекуваните климатски стимулации или нивните влијанија, со што се намалуваат штетите или се искористуваат корисни можности.
Пример: Проектна идеја чија цел е да се изработат системи за рано предупредување во областите подложни на поплави (активностите ќе ја зајакнат отпорноста од поплавите).

***Внимание: Вашата проектна идеја треба да е усогласена најмалку со еден национален приоритетен сектор (дадени се во Прилог 1 кон овој документ)***

2. Означете ги релевантните стратешки области за резултати на ЗКФ во кои задира предложената идеја за проектот/програмата (Означете ги најрелевантните).

***Пример 1:*** *Проект за зголемување на инвестициите во нискојаглеродни јавни згради во Босна и Херцеговина е со фокус само во областа ублажување, поконкретно во секторот Згради, градови, индустрии и уреди бидејќи главната цел на проектот и проектните активности е реновирање на 430 јавни згради со спроведување мерки за ЕЕ и искористување на обновлива енергија. Повеќе детали прочитајте на: www.greenclimate.fund/projects/fp051*

***Пример 2:*** *Проектот „Поддршка на климатската отпорност и трансформациската промена во земјоделството во Бутан“ се фокусира на неколку области со резултати на ЗКФ: Здравје, храна и обезбеденост со вода; Приходи на луѓето и заедниците и Инфраструктура и изградена средина бидејќи главните активности поттикнуваат земјоделски практики отпорни на климата, интегрирање на податоците за ризици од климатски промени во управувањето со водата и земјиштето со цел да се поддржат малите земјоделци и да се намали ризикот и влијанието на лизгањето на земјиштето предизвикано од климатските промени за време на екстремни настани кои го попречуваат пристапот до пазарот. Повеќе детали прочитајте на: www.greenclimate.fund/projects/fp107*

***Пример 3:*** *Програма со заеми за енергетски ефикасна потрошувачка во*

*Монголија, со фокус на две области со резултати на ЗКФ: Производство и пристап до енергија и Згради, градови, индустрии и уреди. Преку оваа Програма ќе се даваат заеми за енергетски ефикасни уреди за греење и други уреди за домаќинството, а уредите за греење треба да бидат сертифицирани дека постигнуваат најмалку 20% заштеда на енергија. Добивањето на грантот ќе подразбира и отстранување на старите уреди за греење и уредување на домаќинството на енергетски ефикасен начин, и истовремено ќе придонесе за промена во однесувањето на потрошувачите. Повеќе детали прочитајте на: www.greenclimate.fund/projects/sap004*

***Пример 4:*** *Програмата Фонд за зелени градови се фокусира на неколку области со резултати на ЗКФ: Производство и пристап до енергија, Транспорт, Згради, градови, индустрии и уреди, Приходи на луѓето и заедниците и Инфраструктура и изградена средина. Програмата Фонд за зелени градови ќе се фокусира на предизвиците од климатските промени во градовите, а истовремено ќе промовира оправданост на инвестиции од приватниот сектор во одржлива урбана инфраструктура.*
*Фондот работи согласно пристап која ја опфаќа целата држава и се заснова на докази, со систематска приоретизација и потоа финансирање на инвестиции поврзани со климата во општинска инфраструктура. Повеќе детали прочитајте на: www.greenclimate.fund/projects/fp086*

## *Опис на проектот/програмата*

| **Опис на проектот (најмногу 3 страници)** | |
|---|---|
| **Општа цел на проектот:** | |
| **Конкретни цели на проектот** | *(ако е можно дефинирајте ги специфичните цели поврзани со родови и малцински прашања и со климатските промени)* |
| **Главен корисник на проектот**<br><br>(директен и индиректен) расчленето по вид на ранливост | |

| | |
|---|---|
| **Кратко оправдување на проектот** (кохерентност и усогласеност со националните климатски приоритети на земјата и со развојните стратегии, како и со националните ЦОР) | |
| **Накратко опишете го проблемот со ублажување/адаптација кој проектот има намера да го решава** | *(ве молиме, наведете прашања релевантни за родот и за ранливите групи )* |
| **Наведете ги предложените проектни активности кои ќе ги решаваат горенаведените проблеми и идентификувани пречки и кои ќе доведат до очекуваните резултати** | *(Ве молиме наведете доколку предложените активности/ процеси или технологии кои ќе се применуваат се иновативни. Исто така објаснете како жените, граѓанските организации, академските кругови, компаниите и другите засегнати страни ќе бидат вклучени во текот на спроведувањето на проектните активности)* |
| **Накратко опишете ги очекуваните исходи како и економските (во евра) очекувани резултати во однос на социјалните, климатските/ еколошките и родовите аспекти** | *(на пр. број на новокреирани работни места, тони намалени емисии на $CO_2$ eq., проценето влијае за адаптација - број на директни/индиректни корисници како и процент од вкупното население, на кој начин проектот ќе се осврне на прашањата поврзани со родот и ранливите групи?)* |
| **Наведете ако има потенцијал за реплицирање на проектните активности во друг регион или во соседна земја, и дали може да се користат резултатите од проектот** | |
| **Објаснете зошто е потребно да се финансира проектот:** | *(на пр. објаснете зошто овој проект не се финансира со домашни ресурси од јавниот и /или приватниот сектор(и))* |

Овој дел е главниот дел од Белешката за проектна идеја. Има цел да го претстави поширокиот контекст и да даде преглед на идејата за проект/ програма и да опише на кој начин се одговара на следните прашања: **зошто** е оправдан проектот/програмата во дадениот контекст, **кој** е проблемот што го решава и кои се очекуваните резултати од активностите, **како** се планира да ги постигне целите со конкретни влијанија и исходи и кое е

времето на спроведување на активностите.

***Совет:*** *Белешката за проектна идеја треба да содржи краток но доволно информативен опис претставен структурирано. Треба да претставите убедливи аргументи, така што информациите треба да имаат логичен редослед и да објаснуваат на кој начин вложените ресурси и активности ќе доведат до очекуваните излезни резултати, исходи и влијанија. Земете предвид дека имате околу 3 страници за сето ова, со користење на реалистични квалитативни и квантитативни (прелиминарни) претпоставки.*

1. Накратко опишете ја општата цел на проектот/програмата

***Совет:*** Општата цел на проектната идеја треба да е усогласена со националните приоритетни сектори со висок потенцијал за ублажување/адаптација. Општата цел на проектот треба да го опише влијанието на проектот: долгорочни ефекти кои треба да се постигнат. Вообичаено општата цел се опишува со зборовите „Проектот ќе придонесе за подобрување .../ ќе помогне да се работи на предизвиците од климатските промени во градовите ...” и слично, со што се опишува визијата.

Проверете дали проектната идеја и општата цел поддржуваат подобрувања во насока на климатска отпорност и намалување на емисиите (или и двете) во најмалку еден приоритетен сектор (повеќе детали во Прилог 1):

| **Приоритетни сектори со висок потенцијал за ублажување**[1] | **Приоритетни сектори со висок потенцијал за адаптација**[2] |
|---|---|
| Енергија - Енергетика<br><br>Енергија - Производство и градежништво<br><br>Енергија - Транспорт | Водни ресурси |
| Земјоделство, шумарство и друга употреба на земјиштето – Сточарство/Шумарство/Употреба на земјиштето | Земјоделство - Општо/ Винарство/Сточарско производство |
| Отпад - Отстранување на цврст отпад | Биолошка разновидност<br><br>Здравје на луѓето<br><br>Културно наследство |

2. Дефинирајте ги конкретните цели на проектот/програмата и

1 Втор двогодишен извештај за климатски промени (2017) http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1e-f56eec77c5090.pdf
2 Трет национален план за климатски промени (2013) http://unfccc.org.mk/content/Documents/TNP_ANG_FINAL.web.pdf

доколку е можно и соодветно, дефинирајте специфични цели поврзани со родот, ранливите групи и климатските промени

***Совет:*** *Пред да ги дефинирате конкретните цели на проектот/програмата, погледнете ги приоритетните цели за ублажување/адаптација веќе усвоени во стратешките документи дадени во Прилог 1. Треба да проверите дали Вашата идеја е во согласност со националните приоритетни сектори, со приоритетните цели и активности за ублажување/адаптација. Проектот/програмата може да има повеќе од една конкретна цел, бидејќи овие предлог-проекти за ЗКФ се сложени, водат до долгорочни промени и потребно е неколку конкретни цели да се комбинираат во една.*

***Пример:*** *Добрата проектна идеја припаѓа на еден од приоритетните сектори (на пример секторот Енергетика-Енергетски индустрии) и главна цел е да придонесе за промена и употреба на извори на енергија со ниски емисии. Целта за ублажување е да се зголемат капацитетите за производство на енергија од обновливи извори и главна активност ќе биде изградба на електроцентрали на биомаса и воведување на флексибилни повластени тарифи за стимулирање на изградбата.*

3. Дадете и информации и податоци за главните корисниците на проектот/програмата (директни и индиректни), расчленети по вид на ранливост

***Совет:*** *Размислете за сите корисници на резултатите од проектот/програмата. Наведете ги сите во поширок контекст и во подолг временски период и идентификувајте кои се директни корисници, а врз кои резултатите од проектот ќе влијаат индиректно. Секогаш претставете го бројот на корисниците како процент од вкупното население на местото каде се спроведува проектот.*

***Пример:*** *Апсолутниот број на корисници има само ограничена информативна вредност. 10.000 корисници е значителна целна група во популација од 100.000, но е незначителна во вкупно население од 20 милиони.*

***Пример:*** *Вредностите исто така треба да се дадат расчленети по пол и доколку може и по вид на ранливост. Проектот за нискојаглеродни јавни згради во Босна и Херцеговина идентификувал 150.000 лица како главни корисници на проектот - жители и корисници на јавните згради (4% од вкупното население), од кои 80.000 жени.*

***Земете предвид дека ЗКФ ги разбира разликите меѓу големината на државите, бројот на населението и големината на мерките за климатска отпорност или ублажување кои може да се применат во секоја држава. Затоа секогаш треба да мислите за националниот контекст и да ја***

***објасните почетната состојба со соодветни информации за подобро разбирање.***

4. Кратко оправдување на проектот (кохерентност и усогласеност со националните климатски приоритети на земјата и со развојните стратегии, како и со националните ЦОР)

***Совет:*** *Анализирајте го стратешкиот контекст и накратко образложете на кој начин проектот/програмата ќе ги поддржи националните политики и стратегии за климата (може да ги спомените и стратешките документи, приоритетните ЦОР и колку ЦОР ќе бидат потпомогнати или иницирани од спроведувањето на проектот). Бидејќи Република Северна Македонија е земја-кандидатка за членство во ЕУ, образложете колку поглавја за преговори или одредници за ЕУ би можеле да се поддржат со спроведувањето на проектот.*

***Корисни информации:*** *Владата на Република Северна Македонија усвои одлука со која се дава приоритет на пет ЦОР во периодот 2019 - 2020, додека другите цели ќе им бидат подредени на приоритетните цели:*

- *Ставање крај на сиромаштијата во сите форми, насекаде во државата (ЦОР 1)*
- *Обезбедување инклузивно, правично и квалитетно образование со промовирање на можност за доживотно учење (ЦОР 4),*
- *Промовирање инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојни работни места за сите (ЦОР 8)*
- *Итни активности за борба против климатските промени и нивните влијанија (ЦОР 13),*
- *Промовирање мирни и инклузивни општества за одржлив развој, со пристап до правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа (ЦОР 16).*

***Пример:*** *Еден проект/програма во секторот Води, чии главни активности ги менуваат сегашните системи за водоснабдување и наводнување со цел да се намалат загубите на вода (капка по капка, микропрскалки, мал трошок на енергија, уреди за мерење) е во согласност со неколку стратешки документи: Третиот план за климатски промени на Република Северна Македонија, Националната стратегија за води, Националната стратегија за енергетска ефикасност. Директно ќе го поддржи постигнувањето на ЦОР 13 и ЦОР 8. Долгорочните промени во секторот води/праксата за наводнување ќе поддржи постигнување на ЦОР 1 и ќе биде во согласност со новите одредници на ЕУ (намалување на загуби на вода, подобрување на земјоделските практики, број на новосоздадени работни места итн.)*

5. Опишете ја почетната состојба (на пр. почетна состојба со емисиите, почетна состојба во однос на ранливоста од климата, главни пречки, предизвици и/или политики) и кои исходи и влијанија ги има за цел проектот/програмата за да се подобри почетната состојба.

***Пример:*** *Проектот за нискојаглеродните јавни згради во Босна и Херцеговина има за цел да ги намали емисиите од јавните згради преку поголема енергетска ефикасност и замена на фосилните горива со биомаса.*

*Босна и Херцеговина има голем број стари згради кои трошат многу енергија и кои се загреваат со фосилни горива со високи емисии. Ова е последица на запуштањето и недоволното инвестирање за време и по војната во Босна (1992-1995), поради што зградите треба итно да се реновираат.*

*Реновирањето со мерки за енергетската ефикасност и замената на јагленот и мазутот со биомаса значително ќе ги намали емисиите од овие јавни згради. Проектот ќе влијае врз 7-8% од ваквите згради, односно врз околу 450 јавни згради. Со техничка помош исто така ќе се решаваат нефинансиските пречки и ќе се создадат политики за поддршка, закони и капацитети за поддршка на промените и ќе се поттикне повторување на проектот.*

3. Наведете ги предложените проектни активности кои ќе ги решаваат горенаведените проблеми и идентификувани пречки и кои ќе доведат до очекуваните резултати

***Совет:*** *Дадете и листа на активности кои одговараат на националните околности, врз основа на анализата на почетната состојба. Може да користите информации од постојните проценки за државата/планскиот регион или општина, на пример проценка на потребите од технологија. Како поддршка може да користите и консултации со засегнати страни и студии од други, слични земји. Треба да се изберат изводливи активности и треба да се идентификуваат еколошките и социјални ризици и влијанија. Наведете и доколку предложените активности/процеси или технологии се иновативни. Исто така објаснете како жените, невладините организации, академските установи, бизнисите и другите засегнати страни ќе бидат вклучени во спроведувањето на проектните активности.*

4. Накратко опишете ги очекуваните исходи како и економските (во евра/УСД по можност) очекувани резултати во однос на социјалните, климатските/еколошките и родовите аспекти

***Пример:*** *Проектот за нискојаглердони јавни згради во Босна и Херцеговина е во согласност со Националниот Акциски план за енергетска ефикасност на БиХ (NEEAP). Овој документ содржи индикативна цел за заштеда на енергија од 9% до 2018, и преку спроведување на овој проект, подобрувањата на енергетската ефикасност во зградите се очекува да доведе до најголем единствен придонес за постигнување на оваа цел, со годишно намалување на потрошувачка на енергија од 1.900 GWh., и вкупно намалување од 2.019.976 $tCO_2$ во текот на животниот век.*

*Резултатите очекувани од спроведувањето на овој проект се изразени*

*како намалени или избегнати 100.999 t$CO_2$ што влијае врз 150.000 очекувани директни корисници. Проектот ќе доведе до создавање на 5.630 нови работни места со полно работно време.*

*Во однос на репликацијата на проектните активности, тие имаат потенцијал да се спроведат во сите општини во БиХ, но со многу мал потенцијал да се применат врз историските згради бидејќи тие зафати се со многу повисока цена.*

***Совети:*** *Основни индикатори договорени со ЗКФ, еден за ублажување и еден за адаптација:*

- *Ублажување: Тони еквивалент на јаглероден диоксид (t $CO_2$) кои се очекува да се намалат или избегнат*
- *Адаптација: Вкупен број на директни и индиректни корисници, расчленети по род (намалена ранливост или зголемена отпорност), број на корисници во однос на вкупното население, расчленети по род*

*Ублажувањето дополнително се дели на два различни начини на мерење: а) Намалување на емисиите на стакленички гасови на годишно ниво, што е поврзано со годишна заштеда на емисии; б) Намалување на емисиите на стакленички гасови во текот на целиот животен век. Овде се пресметуваат вкупните намалувања на емисиите во определен временски период (во текот на животниот век на проектот/програмата).*

*Дополнителни индикатори за исходите во однос на ублажување може да се: а) број на закони/политики кои се воведени/прилагодени со цел да поттикнуваат планирање и развој со ниски емисии, б) број на мали, средни и големи снабдувачи со енергија со ниски емисии, в) број на домаќинства, жени и мажи со подобар пристап до извори на енергија со ниски емисии, г) вкупен број на MWs енергија од изградени, произведени или обновени погони за производство на енергија со ниски емисии, како резултат на поддршката од ЗКФ, д) интензитет на енергија/заштеда во згради, градови, индустрии и уреди, ѓ) број на дополнителни женски или машки патници кои користат јавен транспорт со ниски емисии, е) хектари земјиште или шуми кои подобро се управуваат што води до намалени емисии.*

*Дополнителни индикатори за исходите можат да бидат: а) број на главни таргетирани институции кои сведочат за својот зајакнат капацитети и механизми за координација со цел насочување на климатската отпорност, б) број на ефективни донесени закони/политики со фокус на ризиците од климатските промени, в) број на подготвени информативни производи за климата приспособени за носителите на одлуки, г) обем во кој ранливите домаќинства, заедници, бизниси и служби од јавниот сектор ги користат подобрените алатки, инструменти, стратегии и активности поддржани од Фондот, за да реагираат на промените и варијабилноста на климата, д) број на воспоставени/зајакнати системи за рано предупредување и други мерки за намалување на ризиците, ѓ) број на жени и мажи кои се запознати со заканите од климата и како соодветно треба да се реагира на нив.*

### I. ***Финансиски аспекти на проектот***

| **Финансиски аспекти на проектот** | |
|---|---|
| **Индикативна вкупна вредност на проектот (евра):** | |
| **Индикативен износ кој се бара од ЗКФ (евра):** | |
| **Предвидено кофинансирање** (ако има) – евра или % од вкупниот износ на проектот | |
| **Вид на финансиски инструмент што се бара:** | ☐ **Грант**<br>☐ **Заем**<br>☐ **Друго** ________________ |
| **Други финансиски средства кои делумно ќе ги покријат вкупните трошоци за проектот:** | |

Во овој дел треба да се преставаат финансиските аспекти на проектот/програмата. Треба да се претставаат индикативните вкупни трошоци (изразени во евра/УСД) за спроведување на предложените (прелиминарни) активности, износот што се бара од ЗКФ и други финансиски извори кои ќе покријат дел од вкупните трошоци за проектот/програмата. Треба да се означи или додаде типот на финансискиот инструмент што се бара од ЗКФ.

### II. ***Информации за подносителот***

Овој дел исто така треба да се пополни со точни информации.

| **Информации за подносителот** | |
|---|---|
| **Име на организацијата/институцијата која аплицира:** | |
| **Вид на организација/институција:**<br><br>(јавна (владина), компанија, НВО, меѓународна организација, академска институција итн.) | |
| **Адреса:**<br><br>(улица, број, поштенски број) | |
| **Лице за контакт:** | |
| **Позиција:** | |
| **Контакт:**<br><br>(телефон и е-пошта): | |
| **Датум на поднесување** на Белешката за проектна идеја за да ја разгледа ННО | |

***Корисни информации:*** *Подносителите треба да ја користат електронската верзија на Белешката за проектната идеја која може да ја пополнат онлајн (Образец за аплицирање онлајн) со користење на сопствениот профил и лозинка за пристап. По регистрацијата, корисникот ќе види прозорец со претходно дефиниран образец (Белешка за проектна идеја). По поднесувањето на Белешката за проектната идеја, подносителот ќе добие порака по е-пошта со информација дека Белешката за проектната идеја е успешно доставена.*

*Деталните упатства за пополнување на овој образец и другите информации за работата на Зелениот климатски фонд се достапни на интернет-страницата: www.greendevelopment.mk*

## 1. Проверка на подобноста и стратешка приоритизација на Вашата проектна идеја

Процесот за изработка на предлог-проектот за ЗКФ во општи црти е претставен на следната слика, каде Фаза 1 е подготовка на проектната идеја. Прифатените проектни идеи (кои поминале административна проверка и проверка на подобноста) понатаму се разработуваат во Концептни белешки (со управувачка и техничка поддршка од АС) и по подготовката на студии на изводливост, акциски план за родови прашања, студии за еколошки и социјални влијанија, анализа на трошоците и придобивките и на други релевантни документи, се разработуваат во целосни предлог-проекти (треба да се користат официјалните обрасци, кои ги има на интернет-страницата на ЗКФ: www.greenclimate.fund).
Потребна е и техничка проверка со цел да се оцени квалитетот на предлог-проектот во однос на условите за инвестирање на ЗКФ (потенцијал за влијание, промена на парадигмата, потенцијал за одржлив развој, одговор на потребите на примателот, поттикнување на сопственост од страна на државата и ефикасност и ефективност). Откако ќе се направи последната проверка од постапката „Без-приговор“ ННО ќе издаде писмо „Без-приговор“ и одговорниот АС ќе го достави предлог-проектот и дополнителната документација до секретаријатот на ЗКФ.




## 4.1 Проценка на подобноста на проектните идеи

Пред да ја поднесете Белешката за проектна идеја прочитајте ја уште еднаш и одговорете на овие прашања (подобро е да замолите некого кој не бил вклучен во пишувањето на проектната идеја да ја прочита и да се обиде да ги одговори):

- Дали целите на проектната идеја се во согласност со целите на националните климатски политики и стратегии?

  ДА / НЕ

- Дали проектната идеја е во согласност со релевантните национални развојни индикатори, овозможувачки политики и институционална рамка?

  ДА / НЕ

- Дали проектната идеја е во согласност со најмалку една стратешка област за резултати на ЗКФ?

  ДА / НЕ

- Дали проектната идеја засега прашања кои се релевантни за вклучување на родот и другите ранливи групи, дали опишува на кој начин отпорноста/ублажувањето на климатските промени подеднакво влијае врз мажите и жените и дали обезбедува жените да имаат подеднакви придобивки од проектните активности?

  ДА / НЕ

***Совети:*** *Пред поднесување, ве молиме проверете дали информациите дадени во подготвената Белешка за проектна идеја одговараат позитивно на овие прашања. Само подобните проектни идеи ќе бидат прифатени и вклучени во Работната програма на Северна Македонија за ЗКФ. Подносителите на прифатените проектни идеи ќе се охрабрат понатаму да ја разработат идејата во Концептна белешка согласно обрасците на ЗКФ и во тесни консултации со претставниците на ННО.*

## 4.2 Стратегиска приоретизација на проектни идеи

При стратегиската приоретизација на подобните проектни идеи ќе се користат следните критериуми:

| Критериуми | Опис на критериумот | Индикатор |
|---|---|---|
| **Пристап на проектот** | Опис на проблемот и на климатската оправданост, целите на проектот, главните активности и очекуваните резултати. Кохерентност меѓу проблемите/пречките и очекуваните резултати. | Кохерентен опис на проблемот и на климатската оправданост, целите на проектот и очекуваните резултати (ниво на кохерентност и релевантни податоци вклучени во проектната идеја). |
| **Капацитет на субјектите што ќе го спроведуваат проектот** | Опис на релевантните управувачки и организациски вештини на субјектите/партнерите што ќе работат на спроведување на проектот | Искуство и вештини на субјектите/партнерите што ќе го спроведуваат проектот (овој индикатор важи за целиот конзорциум - сите партнери) |
| **Проценето времетраење на проектот** | Дефиниран временски распоред на предложените проектни активности | Временска рамка во која се претставени предложените активности |
| **Статус на проектната идеја** | Идентификување на кое ниво на развој е проектната идеја (рана фаза, изработена е концептна белешка/ изработен е целосен предлог-проект) | Моментален статус на проектната идеја / степен на развој |
| **Потенцијал да го поддржи процесот за пристапување во ЕУ** | Опис како и во која мера целите и планираните активности на проектот го поддржуваат пристапувањето во ЕУ и помагаат за постигнување на одредниците на ЕУ | Број на одредници на ЕУ кои ќе се постигнат со спроведувањето и влијанието на проектот |
| **Цели на проектот кои се во согласност со националните приоритетни ЦОР** | Образложение на кој начин целите на проектот се во согласност со ЦОР | Број на ЦОР врз кои влијае или чие постигнување е поттикнато од спроведувањето на проектот |
| **Кохерентност со националните стратегии за климатски промени** | Опис на сопственоста од страна на државата и на капацитетот да се спроведе финансираниот проект или програма (политики, климатски стратегии и институции) | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите веќе наведени во националните политики и стратегии за клима |

| Критериуми | Опис на критериумот | Индикатор |
|---|---|---|
| **Потенцијал за влијание (прелиминарна проценка)** | Потенцијал на проектот значително да придонесе за намалување на емисиите или за зголемување на отпорноста (прелиминарна проценка). Наведете го влијанието врз ублажувањето и/или адаптацијата на климата преку споредливи национални одредници | Прелиминарна проценка на потенцијалот за ублажување ($tCO_2eq$ во текот на животниот век на проектот). Прелиминарна проценка на потенцијалот за адаптација (број на директни и индиректни корисници како процент од вкупното население). Родова еднаквост и потенцијал за влијание одделно врз жените и мажите како и врз ранливите групи |

***Многу важно:***

*Што носи повеќе бодови?*

- *Проектни идеи со јасен, добро објаснет проблем, климатска оправданост, добро дефинирани проектни цели и очекувани резултати (високо ниво на кохерентност);*
- *Високо искусен тим на спроведувачки субјекти со повеќе од 5 години искуство во управување со слични проекти (со слична големина и трошоци) и со спроведени повеќе од 2 слични проекти;*
- *Долгорочни проектни идеи (подолги од 8 години)*
- *Проектни идеи кои поддржуваат постигнување на одредниците на ЕУ во повеќе од 3 поглавја за преговарање (на пр. Поглавје 27 - Животна средина, Поглавје 14 - Транспорт, Поглавје 15 - Енергетика итн.)*
- *Проектни идеи кои поттикнуваат спроведување на најмалку 3 ЦОР (на пр. ЦОР 1 - Сиромаштија, ЦОР 13 - Климатски промени,*



*ЦОР 4 - Образование и поттикнување на можности за доживотно учење итн.)*

- *Проектни идеи кои се целосно усогласени и кохерентни со националните политики, стратегии и приоритети за климата (најважно е добро познавање на националниот климатски контекст, на стратегиите и политиките и добра подготвеност пред да се почне со развивање проектни идеи)*
- *Проектни идеи со многу високо влијание врз ублажување/адаптација (и кои вклучуваат родови аспекти и ранливи групи).*

### 4.3 Индикативни рокови за оценување на проектните идеи

Индикативната временска рамка за поднесување и оценка/приоретизација на проектните идеи е дадена на следниот гантограм.

**Подносителите треба да достават целосно пополнета Белешка за проектна идеја најдоцна до 15 декември 2019 година (16 ч).**

**Имате прашања? Одете на: www.greendevelopmnet.mk**

## ПРИЛОГ 1 Национални приоритетни сектори и приоритетни активности за ублажување и адаптација

| Национален стратешки документ | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| **Енергија - енергетика** | Намалување на загуби во мрежите за дистрибуција на електрична енергија и топлина | Оперативни и градежни мерки потребни за намалување на загубите, што ги спроведуваат операторите на дистрибутивните мрежи. |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на нови големи хидроцентрали |

| Национален стратешки документ | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на нови мали хидроцентрали и воведување на флексибилни повластени премиум тарифи за да се стимулира изградбата |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на сончеви електроцентрали (поголеми од 10 kW) и воведување на флексибилни повластени премиум тарифи за да се стимулира изградбата |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на сончеви кровни електроцентрали и воведување на „нето мерење“ |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на ветерни електроцентрали и воведување на флексибилни повластени премиум тарифи за да се стимулира изградбата |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на електроцентрали на биогас и воведување на флексибилни повластени премиум тарифи за да се стимулира изградбата |
| | Зголемување на домашниот капацитет за генерирање на енергија од обновливи извори | Изградба на електроцентрали на биомаса (незадолжителна когенерација на топлина и енергија) и воведување на флексибилни повластени премиум тарифи за да се стимулира изградбата |
| | Користење на отпадната топлина од ТЕЦ Битола | Изградба на систем за централно греење во Битола и употреба на отпадната топлина од ТЕЦ Битола |
| | Намалување на зависноста од увоз на енергија и поголема употреба на гасоводот | Изградба на електроцентрали на природен гас (когенерација) |

| **Национален стратешки документ** | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| | Исполнување на целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност и во Акцискиот план за обновливи извори на енергија | Инсталација на соларни топлински колектори за топла вода |
| | Пенетрација на уреди со поголема ефикасност (класа А++, А+, А, В) и исполнување на целта поставена во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Означување на електрични апарати и опрема со значајни информации за енергетската потрошувачка на производите. |
| | Поефикасно користење на електрична енергија со цел исполнување на целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Постепено исфрлање на уредите за греење со електрични грејачи и нивна замена со топлотни пумпи во согласност со Политиката на ЕУ за клима и енергија |
| | Подобрување на информираноста на јавноста за важноста и придобивките од купување и користење уреди со повисока енергетска класа со цел да се исполнат целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Формирање на информативни центри за ЕЕ во локалните самоуправи или во центрите на планските региони, во кои советниците за енергија ќе работат и ќе даваат бесплатни совети на сите заинтересирани граѓани за можностите за заштеда на енергија и намалување на трошоците во своите домови |
| | Реновирање на постоечките станбени згради со цел да се исполнат целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Реновирање на станбени згради со замена на прозорци, иницирано од сопствениците и/или поддржано од комерцијалните банки и фондови кои постојат во Република Северна Македонија. |

| Национален стратешки документ | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| | Реновирање на постоечките јавни згради со цел да се исполнат целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Реконструкција на постојните јавни згради кои се под надлежност на централната власт и локалната самоуправа, вклучувајќи и замена на прозорци. |
| | Реновирање на постоечките комерцијални згради со цел да се исполнат целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Реновирање на постоечките комерцијални згради со замена на прозорци, иницирано од сопствениците и/или поддржано од комерцијалните банки и фондови кои постојат во Република Северна Македонија. |
| | Изградба на нови згради со цел да се исполнат целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Изградба на нови станбени згради во согласност со Правилникот за енергетски карактеристики на згради |
| | Исполнување на барањата на Директивата на ЕУ 2010/31 која предвидува сите згради кои се изградени по 31.12.2020 да бидат згради кои речиси воопшто нема да трошат енергија (нула-енергетска зграда) | Изградба на нови пасивни станбени згради во согласност со Директивата на Европска Унија 2010/31/ЕУ. |
| | Исполнување на целите поставени во Акцискиот план за енергетска ефикасност | Замена на светилките со вжарено влакно на почеток со халогени, а потоа со компактни флуоресцентни (CFL) и ЛЕД светилки |
| | Замена на постојните светилки со нови натриумови и ЛЕД светилки | Замена на постојните светилки со нови натриумови и ЛЕД светилки |

| **Национален стратешки документ** | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| | Примена на нови критериуми за енергетска ефикасност („озеленување“) во постапките за јавни набавки | Интензивирање на активностите за осигурување на правни и технички знаења и вештини на вршителите на јавните набавки за вклучување и евалуација на барањата за енергетска ефикасност во постапките за јавни набавки со примена на критериумот за економски најповолна понуда |
| | Овозможување пристап до нови видови гориво во станбените, комерцијалните и во јавните згради | Гасификација на домаќинствата и комерцијалниот и услужниот сектор преку изградба на гасификациска мрежа. |
| | Намалување на локалното загадување | Поголемо искористување на постојниот топлификациски систем за греење преку спроведување на информативни кампањи за приклучување на нови потрошувачи, вклучувајќи ги и оние кои во минатото се исклучиле од системот |
| | Добивање санитарна топла вода со употреба на системот за греење во комбинација со сончеви колектори | Добивање санитарна топла вода со употреба на системот за греење во комбинација со сончеви колектори |

| **Национален стратешки документ** | ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (2017) | |
|---|---|---|
| **Врска до документот** | http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/554c445fec036e3de04502b0db60edb04522ec50e97d2881f1ef56eec77c5090.pdf | |
| **Приоритетни сектори** | **Цел за ублажување** | **Опис на активноста за ублажување** |
| **Енергија - Производство и градежништво** | Спроведување на задолжителни енергетски контроли во производните индустрии и спроведување на стандардот ISO 50001 | Спроведување на задолжителни енергетски контроли во производните индустрии и спроведување на стандардот ISO 50001 |
| | Воведување на ефикасни електрични мотори во производните индустрии | Воведување на ефикасни електрични мотори во производните индустрии |